Република Македонија-Општина Валандово
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 09-599/1
11.05. 2018 год.
Валандово

ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
ул."Иво Лола Рибар" бб Валандово
тел: 034/382-007; факс: 034/382-044

Согласно член 23, став 1, од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр 199/14, 44/15 и 193/15 и 31/16), Градоначалникот на општина Валандово го донесува следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

За формирање на комисија за урбанизам на општина Валандово.

Комисијата е во состав:

-Горан Дончев д.и.а. Одделение за урбанизам на општина Валандово, со овластување за изработување на урбанистички планови број 0.0453,

-Илија Матеев д.г.и. Одд. за урбанизам на општина Валандово,

-Ѓоко Аврамски д.и.а. надворешен член,

-Соња Мацирова д.и.а. надворешен член со овластување за изработување на урбанистички планови број 0.0411,

-Зоран Ѓоргиев д.и.а, надворешен член со овластување за изработување на урбанистички планови број 0.0338,

Комисија за урбанизам на општина Валандово е должна да:

-постапуваат по поднесените иницијативи согласно член 20 на Законот за просторно и урбанистичко планирање,

-ја изработуваат планската програма за урбанистичките планови од член 7 став (1) точка 2 на Законот за просторно и урбанистичко планирање, регулациски план на генерален урбанистички план и локална урбанистичка планска документација за потребите на општината,

-доставуваат предлог за одобрување или неприфаќање на планската програма за локална урбанистичка планска документација за потребите на правни и физички лица,

-даваат стручно мислење за нацртот на генерален урбанистички план односно на предлогот на урбанистичките планови од член 7 став (1) точка 2 алинеи 2, 3 и 4 на Законот за просторно и урбанистичко планирање,

-даваат стручно мислење за предлогот на регулациски план на генерален урбанистички план, спроведуваат јавна презентација и јавна анкета при одобрување на локална урбанистичко- планска документација,

-доставуваат предлог до градоначалникот на општината односно општината на градот Скопје за одобрување на локална урбанистичко-планска документација и

-дава мислење за техничка исправка на урбанистички план.

Дата:
02.05.2018

ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Градоначалник
Перо Костадинов

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ВАЛАНДОВО ВАЛАНДОВО